Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак ______
Рок на чување ______ год.
______ 20__ год.
Потпис,
______

# ЗАПИСНИК
## за извршен инспекциски надзор
**Ип 1 бр. 57-12**
**Датум: 10.02.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | [redacted] |
| Седиште/адреса на субјектот | [redacted] |
| Адреса за е-пошта | [redacted] |
| Телефон | [redacted] |
| Матичен број на субјектот | [redacted] |
| Даночен број на субјектот | [redacted] |
| Број на жиро сметка на субјектот | [redacted] |
| Банка депонент | [redacted] |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме: [redacted] овластено лице | Телефон [redacted] | Е-пошта [redacted] |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.02.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 12.00 | |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 10.02.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 13.30 | |
| Назив на објектот каде се врши надзорот | Службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во објект Нова Македонија | | | |
| Главна дејност на субјектот на надзорот | Уметничко творештво (шифра: 90.03) | | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Адреса на објектот каде се врши надзорот | Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје |

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на: Налогот од раководителот на на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура (**во натамошниот текст: СУИН на МК**), бр. 57-12 од 07.02.2023 г., а во врска со Иницијативата од Секторот за дејности од областа на културата и бр. 22-404/1 од 12.01.2023 година. Надзорот е предвиден со Месечниот план за работа на СУИН на МК за месец јануари 2023 година, бр. 57-188/2 од 03.02.2023 година.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор во СУИН на МК.

5) Предмет на вонредниот инспекцискиот надзор е примена на член 68 од Законот за културата, односно наменското користење на средствата коишто се доделени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура за учество во финансирање на проектот од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарната дејност за 2022 година („Современа уметност, нови медиуми и 3Д технологии - вовед во процес до уметничко дело"), како и постапување по обврската во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација.

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18) и член 71 став (1) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што во прашање е вонреден инспекциски надзор, а листите за проверка се задолжителни при редовен инспекциски надзор, согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] овластено лице и носител на проектот | [redacted] | [redacted] |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор не учествуваа други лица, но остварена е телефонска комуникација со одговорните лица во Музејот на современа уметност [redacted]) и КС центар „Јадро“ ([redacted]), како и со едукаторот во проектот, [redacted].

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) При инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1. - По поднесената Пријава бр. УП1 21-3208 од 11.11.2021 г. на годишниот конкурс за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2021 г. од областа на интердисциплинарните проекти, со Решение на министерот за култура бр. УП1 21-3208/2021 од 25.02.2022 г., прифатен е проектот на [redacted]: („Современа уметност, нови медиуми и 3Д технологии - вовед во процес до уметничко дело“, а за негова реализација доделени се средства во износ од 300.000 денари.

- Врз основа на Решението на министерот за култура, склучен е Договор бр. 22-3209/2 од 13.04.2022 г., со којшто одобрени се средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 300.000 денари и тоа за следните намени: хонорар за носител на проект и едукатор и материјални трошоци.

- [redacted] доставил Барање за исплата на средства за реализација на проектот, заведено во МК под бр. 22-3209/3 од 20.04.2022 г., како и Оперативен и финансиски план за користење на одобрените буџетски средства (300.000 денари), за намени по ставки согласно со Договорот со МК, односно за: хонорар за носител на проектот - 150.000 денари, хонорар за едукатор – 90.000 денари, материјални трошоци за сметководствено раководење со проектот - 13.000 денари и материјални трошоци за опрема и промоција – 47.000 денари.

- Со Решение за преведување средства бр. 22-3209/4 од 19.05.2022 г. од страна на МК преведена е прва исплата на средствата за реализација на проектот во износ од 150.000 денари.

- Според изјавите на присутното лице, како и презентираната фото документација, од проектот „Современа уметност, нови медиуми и 3Д технологии - вовед во процес до уметничко дело“ реализирани се работилници за „3Д печатење“ и „Дизајн на звук“ во КС центар „Јадро“ (14.-17.10.2022 г.), Кафе и филм „Котур“


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

(15.10.2022 г.) и во Музејот на современа уметност (16. и 17.10.2022 г.), додека не е одржана завршната изложба во просториите на Музејот на современа уметност, на којашто (согласно со Оперативниот и финансиски план) било предвидено да бидат промовирани и изложени трудовите на учесниците во работилниците.
Во текот на надзорот, одржувањето на работилниците беше потврдено и од одговорните лица во Музејот на современа уметност [redacted] и КС центар „Јадро“ [redacted]. Според изјавата на [redacted], изложбата во МСУ не е одржана од причини што, во меѓувреме, [redacted] е затворена како правен субјект поради неговото вработување на Факултетот за ликовни уметности-Скопје (за што при надзорот е презентиран документ од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија), а за што е известено и МК со Допис бр. 23-7647/1 од 29.06.2022 година.

10.2. – Авансно преведените средства за реализација на проектот, во износ од 150.000 денари се потрошени за исплата на хонорар за носителот на проектот [redacted] и тоа 135.000 денари се исплатени на трансакциската сметка на [redacted], додека 15.000 денари се уплатени на трезорската сметка на НБРСМ, како персонален данок за исплатениот хонорар (Банковен извод бр. 20 од 06.06.2022 година). Според изјавата на [redacted], работилниците се реализирани во рамки на преведените средства од МК, затоа што едукаторот [redacted] се откажал од хонорар, додека останатите материјални трошоци (согласно Оперативниот план) не се направени затоа што изложбата не е одржана. Едукаторот [redacted], во текот на надзорот потврди дека тој се откажал од хонорарот и обуката ја извршил волонтерски. Според горенаведеното и изјавата на [redacted], МК нема преостанати обврски по проектот.

10.3. - Во однос на обврската од членот 68 став (3) од ЗК, како и член 5 став (3) од Договорот со МК, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот, на соодветен образец до МК да биде доставен наративен и финансиски извештај за неговата реализација, при надзорот е утврдено дека [redacted] доставил Извештај за реализација на проектот, којшто во МК е заведен под бр. 22-13213/1 од 29.12.2022 година.

**- Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор констатирано е дека:**

1. **Во однос на проектот „Современа уметност, нови медиуми и 3Д технологии - вовед во процес до уметничко дело“,** [redacted]


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk

**реализирал работилници за „3Д печатење“ и „Дизајн на звук“ во КС центар „Јадро“ (14.-17.10.2022 г.), Кафе и филм „Котур“ (15.10.2022 г.) и во Музејот на современа уметност (16.10.2022 г.), додека не е одржана завршната изложба во просториите на Музејот на современа уметност, на којашто (согласно со Оперативниот и финансиски план) било предвидено да бидат промовирани и изложени трудовите на учесниците во работилниците. Авансно преведените средства од МК во износ од 150.000 денари ги потрошил за намена предвидена во Оперативниот и финансиски план, како составен дел на Договорот со МК.**
**Според изјавата на [redacted] работилниците се реализирани во рамки на авансно преведните средства од МК во износ од 150.000 денари, согласно со коешто МК нема преостаната обврска за исплата на средства за проектот „Современа уметност, нови медиуми и 3Д технологии - вовед во процес до уметничко дело“.**

**2. [redacted] доставил Извештај за реализација на проектот, којшто во МК е заведен под бр. 22-13213/1 од 29.12.2022 година.**

**Оттука, имајќи ја предвид утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор во однос на работењето на субјектот на надзор од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, инспекторот ја запира постапката во согласност со член 83 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот: Нема

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br>[redacted]<br>овластено лице | [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br>[redacted]<br>виш инспектор | [redacted] |
| Датум: | 10.02.2023 г. | Датум: | 10.02.2023 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 3207 436 и
075/273-069
www.kultura.gov.mk